ОПШТИНА ШТИП
КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ШТИП



# СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

штип, 2016

**СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ**

***-СОСТОЈБИ, ПРЕДИЗВИЦИ И ПЕРСПЕКТИВИ-***

**зборник на трудови**

**2016, ШТИП**

**ОПШТИНА ШТИП**

**КОМИСИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП**

**ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ**

# СОВРЕМЕНОТО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

***-состојби, предизвици и перспективи-***

**2016, Штип**

**MUNICIPALITY OF STIP**

**COMMITTEE ON EDUCATION, COUNCIL OF THE MUNICIPALITY OF STIP**

**FACULTY OF EDUCATIONAL SCIENCES**

# CONDITIONS, CHALLENGES AND PERSPECTIVES IN EDUCATION IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

**2016, STIP**

**Издава**
НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип

**За издавачот**
Милена Ристова-Михајловска

**Организационен одбор**
Снежана Мирасчиева–претседател

Членови
Соња Петровска, Емилија Петрова Ѓорѓева, Никола Смилков, Снежана Јованова Митковска, Даниела Коцева, Весна Ничева, Елена Ташкова, Јовче Арсов, Соња Николова, Атанас Крстовски, Цветанка Красиќ, Снежана Санева, Илија Митров, Трајан Коцев, Данче Николовска Вратеовска, Димитар Љуботенски, Зоран Костовски, Вања Џамбазова Николовска, Јане Миланов, Маја Ашкилова, Јордан Митков, Ирена Китанова, Верица Јосимовска, Оливер Цацков

**главен и одговорен уредник**
Снежана Мирасчиева

**уредник**
Соња Петровска

**уредувачки одбор**
Снежана Мирасчиева (Македонија), Димитар Димитров (Бугарија), Младен Вилотијевиќ (Србија), Нина Биједиќ (Босна и Херцеговина), Лилјана Тодорова (Бугарија), Татјана Атанасова Пачемска (Македонија), Кристинка Селаковиќ (Србија), Јосип Милат (Хрватска), Емилија Петрова Ѓорѓева (Македонија), Трајан Попкочев (Бугарија), Крстивоје Шпијуновиќ (Србија)

**јазична редакција на македонски јазик**
Весна Ристова

**лектура на англиски јазик**
Снежана Кирова

**дизајн на корица**
Никола Смилков

**техничка поддршка**
Верица Јосимовска

**печати**
Полиестердеј -исток, Штип
Тираж 500

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37(082)

СОВРЕМЕНОТО воспитание и образование : состојби, предизвици и перспективи : зборник на трудови / [главен и одговорен уредник Снежана Мирасчиева]. - Штип : НУ Универзитетска библиотека "Гоце Делчев", 2016. - стр.148 : илустр.53; 30 см

На наспор. насл. стр.: Conditions, challenges and perspectives in education in the Republic of Macedonia. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите. - Abstract

ISBN 978-608-242-037-0
1. Ств. насл. на наспор. насл. стр.
а) Образование - Зборници
COBISS.MK-ID 102297098

СОДРЖИНА

Предговор........................................................................................................................................10

1. Марина Алексовска, Виолета Стошевска, Лидија Николовска – Георгиевска
**Растеме заедно**
Marina Aleksovska, Violeta Stosevska, Lidija Nikolovska-Georgievska
**We grow together**..........................................................................................................................11

2. Билјана Ефтимова Бошкова, Деспина Сивевска
**Природната околина како средина за учење на децата од предучилишна возраст**
Biljana Eftimova Boskova, Despina Sivevska
**Natural environment as a learning environment of preschool children**......................................13

3. Емилија Петрова Ѓорѓева
**Карактеристики на современото училиште во контекст на воспитната компонента**
Emilija Petrova Gjorgjeva
**Characteristics of modern school in the context of the educational component**..........................19

4. Валентина Петрушева
**Естетското – важен аспект на современото образование и воспитание**
Valentina Petruseva
**Aesthetic – an important aspect of the contemporary education and upbringing** .................... 22

5. Габриела Димова
**Здравствената едукација на родителите - тенденција на образованието денес**
Gabriela Dimova
**Health education of parents - tendency of education today** ...................................................... 26

6. Снежана Јованова-Митковска
**Техники на учење во високошколската настава**
Snezana Jovanova- Mitkovska
**Technique of learning at the academic teaching**………………………..……........................... 30

7. Снежана Мирасчиева
**Современа настава за современо образование**
Snezana Mirascieva
**Modern teaching for modern education** ..…………………………………..……......……..... 35

8. Верица Јосимовска
**Застапеноста на интеркултуралните вредности во системот на современото образование и воспитание**
Verica Josimovska
**The presence of intercultural values in system contemporary education**……….....................  38

9. Милена Ристова-Михајловска
**Жанрот полемики во старата писмена традиција и неговата актуелност во современиот образовен процес**
Milena Ristova-Mihajlovska
**The genre polemics in the old written tradition and its relevance in the modern educational process** ……………………………………………………………………………......………...... 41

10. Павлина Николовска, Нада Ѓоргова, Влатко Николовски

**Специфични развојни потешкотии кај децата како проблем во современото образование**
Pavlina Nikolovska, Nada Gjorgova, Vlatko Nikolovski
**Specific developmentaldisorders in children as a problem in modern education**……............. 49

11. Славица Танева Анева
**Инклузијата во образованието, позитивните и негативните страни од аспект на општеството со посебен осврт на ученици со аутизам**
Slavica Taneva Aneva
**Inclusion in education, advantages and disadvantages with respect of society with special reference to students with autism ...**……………………..……………......................... 55

12. Даниела Коцева
**Меѓуетничките односи во образовниот систем**
Daniela Koceva
**Interethnic relations in the educational system**………………………………........................ 58

13. Стојко Стојков
**Изучувањето на македонската национална историја во бугарските училишта**
Stojko Stojkov
**The study of Macedonian national history in Bulgarian schools** ……………..………………. 63

14. Снежана Јованова-Митковска
**Социометриски истражувања-потреба, значење**
Snezana Jovanoa-Mitkovska
**Sociometric research - necessity, importance ..**………………………...……………........... 67

15. Елена Мирасчиева
**Методот на демонстрација во индивидуалната настава по флејта**
Elena Mirascieva
**Method of demonstration in individual teaching of fluite** ………………...…………………… 73

16. Оливер Цацков
**Учењето по пат на откривање незаменлива компонента во наставата по историја**
Oliver Cackov
**Learning by exploring - irreplaceable component in the teaching of history**……….................. 76

17. Драгана Кузмановска, Снежана Кирова, Биљана Иванова
**Интернационалниот карактер на народните пословици и поговорки**
Dragana Kuzmanovska, Snezana Kirova, Biljana Ivanova
**International character of sayings and proverbs** ……………………………………........... 79

18. Марија Тодорова, Татјана Уланска
**Рано изучување на странски јазик**
Marija Todorova, Tatjana Ulanska
**Early language acquisition** ........................................................................................... 83

19. Лилјана Макаријоска, Жаклина Ѓорѓиоска
**Кон реализацијata на областа дијалектологија во гимназиското образование**
Liljana Makarijoska, Zaklina Gjorgjioska
**Towards the implementation of the area of dialectology in high school education** …....…… 87

20. Деспина Сивевска
**Средствата за масовна комуникација и слободното време на децата и младите**
Despina Sivevska
**Means of mass communication and leisure time of children and youth**……………….......... 92

21. Киро Јорданов
**Градиме мостови преку МИО активности**
Kiro Jordanov
**Building bridges through MIE's activities** ................................................................................ 97

22. Веска Влахова
**Педагошкиот пристап во образовниот процес на субјектот – наставник во корелација со субјектот ученик**
Veska Vlahova
**Pedagogical approach in the educational process of the subject – teacher in relation to the subject – student** ............................................................................................ 105

23. Билјана Алексова Даневска
**Техники за градење на самодоверба кај децата во ран детски развој од одделенска настава во наставата по англиски јазик**
Biljana Aleksova Danevska
**Techniques for building confidence in children in early child development in lower grades in teaching english language** ............................................................................................ 109

24. Киро Јорданов, Драгица Петрова, Загорка Чапова
**Дигитална зависност кај учениците**
Kiro Jordanov, Dragica Petrova, Zagorka Chapova
**Digital addiction of students** ............................................................................................ 115

25. Славица Стојанова, Трајче Стојанов
**Образованието како место за изградба на добар граѓанин**
Slavica Stojanova, Trajce Stojanov
**Education as a place for building a good citizen** ............................................................................ 124

26. Снежана Ставрева Веселинова, Трајче Стојанов
**Од екоетика до екосвест**
Snezana Stavreva Veselinova, Trajce Stojanov
**From eco-ethics to eco-awareness** ............................................................................................ 128

27. Снежана Мојсоска, Данче Николовска Вратеовска
**Економскиот раст и знаењето за банкарските наспроти пазарните финансиски системи**
Snezana Mojsoska, Danche Nikolovska Vrateovska
**The economic growth and the knowledge about banking versus market financial systems ...**............................................................................................ 131

28. Слаѓана Костадиновска, Данче Николовска Вратеовска, Миле Вратеовски
**Функциите на менаџментот на човечки ресурси и банкарските институции**
Slagjana Kostadinovska, Danche Nikolovska Vrateovska, Mile Vrateovski
**Functions of the management of human resources and the banking institutions**.................. 136

29. Данче Николовска Вратеовска
**Наученото од глобалната економска криза (2008) за силните и слабите страни на финансискиот систем и макроекономската стабилност во македонија**
Dance Nikolovska Vrateovska
**The learned of the global economic crisis (2008) about the strenghts and the weaknesses of the financial system and macroeconomic stability in Macedonia**................................................. 140

30. Данче Николовска Вратеовска
**Детерминантите на инфлацијата низ различните макроекономски школи**
Dance Nikolovska Vrateovska
**Detreminants of the inflation through the various macroeconomic schools** .......................... 145

**УДК 37.035:502/504**
*(прегледен труд)*

# ОД ЕКОЕТИКА ДО ЕКОСВЕСТ

***Снежана Ставрева Веселинова[1], Трајче Стојанов[2]***
***[1,2]Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип***

***Апстракт:*** *Еколошките сознанија во последниве неколку децении се наметнаа и стигнаа до врвот на актуелноста на човечкиот мисловен, морален и политички ангажман. Во таа смисла и филозофската размисла за смислата на човековата и, воопшто, на природната средина, за елементите на човековата блискост со природата, за неговата поврзаност со условите на опстанокот и за неопходните надворешни, околни категории на човековата егзистенција е поврзана со екологијата како биолошка наука за животната средина на секое живо суштество, за природните услови на неговата опстојба. Морално учење е поттикнато од екософските и еколошки сознанија за вредноста на елементите на човековиот живот што него го опкружуваат и му се важни, за условите на живеењето и за нивното благородно чување и унапредување, чија цел е вкупното подобрување на човечкиот опстанок на Земјата.*
***Клучни зборови:*** *екоетика, екосвест, екологија, природа, еколошка криза.*

# FROM ECO-ETHICS TO ECO-AWARENESS

***Snezana Stavreva Veselinova[1], Trajce Stojanov[2]***
***[1,2]Faculty of Educational Sciences, University “Goce Delchev” Shtip***

***Abstract:*** *Environmental knowledge in recent decades has imposed itself and reached the top of relevance of human mental, moral, and political engagement. In this sense, philosophical contemplation about the meaning of the human and, in general, of the natural environment, the elements of human closeness with Nature, his relationship with the conditions of survival and the necessary external, ambiental categories of human existence, is related to ecology as a biological science dealing with the environment of every living creature, and the natural conditions of his existence. Moral teaching was prompted by ecosophical and environmental knowledge of the value of the elements of human life that surround the man and are important to him for living conditions, and for their noble storage and promotion, aiming at a total improvement of the human survival on Earth.*
***Keywords:*** *eco-ethics, eco-awareness, ecology, nature, ecological crisis.*

## Вовед

Со развојот на еколошката свест кај учениците почнува да се развива и еколошката етика во која се вградени сите морални вредности. Колку ученикот станува посвесен за состојба во која се наоѓа нашата планета толку повеќе неговото однесување и почитувањето на моралните норми и правила се зголемува. Тие стануваат свесни за последиците кои остануваат зад секое несовесно однесување, непочитување на законите на природата и преземаат активности и акции согласно сите етички вредности кои ги поседуваат и етичките норми.

Еколошката криза како феномен, само пред педесет години не беше прашање на кое се посветуваше големо внимание, а денес е еден од главните глобални проблеми. Но, еколошката кризата не е само криза на дваесеттиот век и плод на и технократската и техноцентричната цивилизација, таа исто така е плод на човечкиот духовен пад и моралната криза. Еколошката криза е нашиот глобален проблем, проблем кој се однесува на сите нас без разлика кои и какви сме, каде живееме и каде припаѓаме, бидејќи тоа е проблем директно поврзан со опстанокот на човечкиот род.

Во последните дваесет години екологијата и заштитата на животната средина доживеале развој. Причината за овој забрзан развој лежи во фактот дека под влијание на човекот предизвикани се промени на условите за животот на Земјата, промени кои се закануваат на опстанокот на човештвото. Од една страна, индустријализацијата за подобрување на животниот, но од друга страна негативното влијае на квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето. Човекот конечно сфати дека ова прашање поттикна градење на стратегии за справување со овие проблеми.

Овие глобални еколошки проблеми се предмет на изучување и во воспитно-образовниот процес.

Учениците постепено ја сфаќаат важноста на здравиот начин на живот, и грижата за животната средина. Тие во рамките на микро-социјалните средини, семејството, предучилишните и училишните установи постепено воведуваат одредени активности и одговорности за одржување на чиста животна средина и навики за здраво живеење.

Еколошкото образование има посебно значење за младите луѓе, бидејќи искуството од другите земји покажа дека со едукацијата на младите уште од најрана возраст се формира неопходното ниво на еколошка свест, а единствениот сигурен начин за да се заштити животната средина е еколошкото образование да формира одговорни генерации.

**Еколошка свест**

Повеќето од денешните психолози под поимот свест подразбираат увид во себе и за животната средина.

■ Свеста е нашето интегрирано знаење за надворешниот свет, нашите тела и процеси во нашиот ум и е зависна од интегрираните изведби од повисок ред а кои се однесуваат на нашата внатрешна и надворешна перцепција.

■ Еколошката свест е духовна димензија за еколошката култура и подразбира знаења и навики, усвоени вредности, ставови и верувања, прифаќање на нормите за она, што во природната и социјалната средина е здраво и добро, а што не е, и како, на било кој начин во постоечките услови може да се подобри свеста и квалитетот на животот на луѓето.

■ Во формирање на еколошка свест на современиот човек, влијаат цела низа на фактори како што се: науката, образованието, практичните активности за да се елиминираат негативните состојби на животната средина и многу други фактори.

Еколошко образование не може да се толкува како надградба врз образованието во целина, туку тоа е дел од образованието, неопходен на современиот човек. Во суштина тоа значи инкорпорирање на еколошките аспекти во образовниот систем воопшто.

■ На меѓународно ниво, во серија на состаноци и конференции, одржани под покровителство на UESC и UNEP (1975, 1977, 1987), како важни цели на еколошка едукација се поставени:

♦ Воочување на комплексноста на животната средина;

♦ Развој на националната свест за значењето на животната средина и општествениот развој;

♦ Познавање на економската политика и еколошката поврзаност на светот.

Општите цели на еколошка едукација, се сведуваат на фактот дека учениците треба да стекнат основни знаења за состојбата на животната средина и на процесите кои го влијаат врз тоа тешко да се развие нов правилен и културен однос кон објектите на природата и да се обезбеди нивно лично и активно учество во заштитата на еколошките вредности.

На ученикот треба да му се овозможи да се чувствува одговорен и компетентен субјект во процесот на зачувување на животната средина, така што неговите постапки ќе бидат резултат не на нешто наметнато, туку резултат на неговата внатрешната мотивација.

Посебно е важно дали ученикот се смета себе си за одговорен за заштита и зачувување на животната средина или на еколошка состојба и дека сето ова тој не го доживува како нешто туѓо, како обврска кон општеството, институциите, колективи, компаниите, надлежните органи, и т.н.

♦ Крајната цел на еколошкото воспитание и образование треба да се постави така да самата личност го стекне своето еколошко воспитание потребно за да се знае како правилно да се однесува кон животната средина. Од степенот на еколошка едукација на личноста, ќе зависи колку личноста знае, може и сака да земе активно учество во заштитата на животната средина.

♦ Социјалните фактори се сметаат за најважните фактори кои влијаат на еколошката едукација на учениците, а тие се: непосредното опкружување, семејството, предучилишното образование, училиштето, врсници, воннаставни форми на слободни активности, медиумите и т.н.

♦ Развојот на еколошката свест кај младите е предуслов за нивна поактивна вклученост во заштитата на животната средина во иднина, бидејќи за да се живее во здрава и незагадена средина е едно од основните човекови права.

**Основни елементи на еколошката свест**

Основните елементи на еколошка свест се: еколошко знаење, евалуација на еколошката состојба и еколошкиот однесување.

Елементи на еколошката свест се *знаењата за причините* на појавување на нарушувањата на еколошката рамнотежа и можностите да се делува врз неа. Учениците во училиштето стекнуваат знаења за природните процеси коишто ја обезбедуваат постојаноста на природата во рамките на биосферата, противречностите помеѓу природата и општеството, хуманизација на животната средина, целите, средствата и можностите за заштита на животната средина.

Станува збор и за сознанието за ограниченоста на природните ресурси, како и потребата да се воспостави нов систем на вредности помеѓу физичките и општествените системи, причините и последиците од нарушување на еколошката рамнотежа и потребата да се воспостави нова глобална стратегија на општествениот развој.

*Евалуација на состојбата на животната средина* е уште еден елемент на еколошката свест. Тоа е одреден системот од вредности на општеството или на конкретна општествена група, во која се развива општествена свест. Во екологијата секогаш постојат мислења, верувања и однесувања кои не се еколошки и кои негативно влијае врз учениците. Тие треба да се оспособат за набљудување на загрозувањето на животната средина. Способноста да се оцени состојбата на животната средина зависи од знаењето, искуството и когнитивните способности.

Исто така, учениците треба да бидат оспособени критички да го проценат составот на животната средина, во конкретните случаи, да ги оценат постапките на другите кон животната средина, да ги разберат и применат барањата на еколошки одговорните однесувања кон сите елементи на животната средина.

*Еколошкото однесување* е трет важен елемент на еколошката свест. Таа не е само знаење на поединецот и групата за еколошките проблеми и вреднување на состојбата на животната средина, но, исто така, се вклучување во специфични услови и ситуации. Еколошки однесување е условена и од карактерот на личноста. Еколошката свест придонесува за концепцијата и реализацијата на политиката за животна средина. На свеста за животната средина и еколошките навики влијаат и индивидуалното и колективното искуство на човекот

**Заклучок**

Со развојот на еколошката свест кај учениците почнува да се развива и еколошката етика во која се вградени сите морални вредности. Колку ученикот станува посвесен за состојба во која се наоѓа нашата планета толку повеќе неговото однесување и почитувањето на моралните норми и правила се зголемува. Тие стануваат свесни за последиците кои остануваат зад секое несовесно однесување, непочитување на законите на природата и преземаат активности и акции согласно сите етички вредности кои ги поседуваат и етичките норми.

**Литература:**


- Attfield, Robin, *The Ethics of Environmental Concern,* (Oxford: Basil Blackwell, 1983).
- Barry, Brian, “Sustainability and Intergenerational Justice” in Dobson, Andrew (ed.), *Fairness and Futurity,* (Oxford: Oxford University Press, 1999): 93-117.

- Benson, John, *Environmental Ethics: An Introduction with Readings,* (London: Routledge, 2001).
- Blackstone, William T., "Ethics and Ecology" in Blackstone, William T. (ed.), *Philosophy and Environmental Crisis*, (Athens, University of Georgia Press, 1972): 16-42.
- Gewirth, Alan, "Human Rights and Future Generations" in Boylan, Michael (ed.), *Environmental Ethics*, (New Jersey: Prentice Hall, 2001): 207-211.
- Warren, Mary Anne, *Moral Status: Obligations to Persons and Other Living Things,* (Oxford: Oxford University Press, 2000).



**УДК 330.35:336.71**
*(прегледен труд)*


# ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И ЗНАЕЊЕТО ЗА БАНКАРСКИТЕ НАСПРОТИ ПАЗАРНИТЕ ФИНАНСИСКИ СИСТЕМИ


***Снежана Мојсоска[1], Данче Николовска Вратеовска[2]***
***[1]Факултет за безбедност, Универзитет „Климент Охридски“ Битола,***
***[2]Совет на о.Штип***



***Апстракт:*** *Финансиските институции се своевиден крвоток во секоја економија без чиешто ефикасно функционирање не може да се остварува економскиот раст и развој. Овој труд, користејќи ги методите на анализа, синтеза, компаратовниот, дедуктивниот и индуктивниот метод, има за цел да го анализира влијанието на различните типови на финансиски системи врз економскиот раст во економијата.*


***Клучни зборови****: економски раст и развој, финансиски институции.*


# ECONOMIC GROWTH AND KNOWLEDGE ABOUT BANKING VERSUS MARKET FINANCIAL SYSTEMS


***Snezana Mojsoska[1], Danche Nikolovska Vrateovska[2]***
***[1]Faculty of Security-Skopje-University "St. Kliment Ohridski" Bitola, [2]Local Goverment- Shtip***



***Abstract:*** *The financial institutions are a kind of a bloodstream of every economy, without whose efficient functioning economic growth and development cannot be achieved. This paper, using the methods of analysis, synthesis, comparison, deduction and induction, aims at analyzing the impact of different types of financial systems on economic growth.*


***Keywords****: economic growth and development, financial institutions.*


## Вовед